# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШТИП*

| Службен гласник на Општина Штип Излегува по потреба | Број 7 16 јуни 2009 година Ш т и п | ГОДИНА XLVI |
|---|---|---|


149.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за пристапување кон измена на Статутот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1470/2
15 јуни 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

150.

Врз основа на член 114 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 јуни 2009 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се пристапува кон измена на Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08).

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1470/1
11 јуни 2009 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

151.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1471/2
15 јуни 2009 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов, с. р.

152.

Врз основа на член 21 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 јуни 2009 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08) членот 26 се менува и гласи „Постојани комисии на Советот се:

- Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој;
- Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина;
- Комисија за социјални работи и здравство;
- Комисија за култура;
- Комисија за образование;
- Комисија за статут и прописи;
- Комисија за мандатни прашања, избор и именувања;
- Комисија за еднакви можности;
- Комисија за правата на детето“.

Комисиите се составени од 5 члена на Советот.

Член 2

Членот 30 се менува и гласи:

„Комисијата за социјални работи и здравство ги разгледува прашањата од надлежност на општината, а кои се однесуваат на социјалната заштита, заштита на децата и здравствената заштита“.

Член 3

По членот 30 се додаваат два нови членови 30-а и 30-б кои гласат:

„Член 30-а“

Комисијата за култура ги разгледува прашањата од надлежност на општината кои се однесуваат на дејностите од областа на културата.

„Член 30-б“

Комисијата за образование ги разгледува прашањата од надлежност на општината кои се однесуваат на образованието (основно, средно и високо).

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1471/1 Совет на Општина Штип
11 јуни 2009 година Претседател
Ш т и п Сузана Николовска, с. р.

153.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА
ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА
ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ
И УСЛУЖНИ РАБОТИ „ИСАР“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности „Исар“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1472/2 Општина Штип
15 јуни 2009 година Градоначалник
Ш т и п д-р Зоран Алексов, с. р.

154.

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03,

49/06 и 22/07) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 јуни 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ „ИСАР“-ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар“-Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар“ број 02-602/1 донесена од Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип на 28 мај 2009 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1472/1 | Совет на Општина Штип
11 јуни 2009 година | Претседател
Ш т и п | Сузана Николовска, с. р.

155.

Врз основа на член 19 од Статутот на ЈП „Исар“-Штип Управниот одбор на седницата одржана на 28 мај 2009 година ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за измени и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар“-Штип

Во Статутот на ЈП „Исар“-Штип се извршени следните предлог-измени и дополнувања:

Член 1

Во член 14 бројот 5 се заменува со 9.

Член 2

Во член 25 бројот 5 се заменува со 9.

Член 3

Во член 27 став 1 алинеја 1 да се избрише зборот „или“, а зборовите „Земјоделско-шумарски факултет„ се заменат со зборовите „Земјоделски факултет и Шумарски факултет“.

Управен одбор на ЈП „Исар“-Штип
Претседател

Борче Везенков, с. р.

156.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА
И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ЗА УРБАНИЗАМ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ
„ШТИП-ПРОЕКТ“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште „Штип-проект“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1473/2
15 јуни 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

157.

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06 и 22/07) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 јуни 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ „ШТИП-ПРОЕКТ“-ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежното земјиште „Штип-проект“-Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежното земјиште „Штип-проект“ број 0202-214/3 донесена од Управниот одбор на ЈП „Штип-проект-Штип на 27 мај 2009 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1473/1
11 јуни 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

158.

Врз основа на член 11 од Статутот на ЈП „Штип-проект“-Штип Управниот одбор на јавното претпријатие на седницата одржана на 27 мај 2009 година ја донесе следната

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП „ШТИП-ПРОЕКТ“-ШТИП

Член 1

Во Статутот на ЈП „Штип-проект“-Штип број 11-563/2 од 18 декември 2006 година, во член 9 став 1 бројот „5“ се заменува со бројот „9“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила по давањето согласност од страна на Советот на Општина Штип.

Управен одбор на ЈП „Штип-проект“-Штип
Претседател

Анчо Стојанов, с. р.

159.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ОСНОВАЊЕ СОВЕТ НА МЛАДИ НА
ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за основање Совет на млади на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1474/2
15 јуни 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

160.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 јуни 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОСНОВАЊЕ СОВЕТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ШТИП

### Член 1

Со оваа Одлука се уредува основањето на Советот на млади на Општина Штип (во натамошниот текст Совет на млади), делокруг на работа, постапка за избор на членовите на советот и други прашања од значење за работата на Советот на млади.

### Член 2

Советот на млади е советодавно тело на Советот на Општина Штип кој се основа со цел активно вклучување на младите во јавниот живот на Општина Штип.

### Член 3

Советот на млади го сочинуваат седум члена.

Членовите на Советот на млади се избираат на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања.

Советот на млади од своите редови избира претседател на советот, со мандат од 4 години без можност за повторен избор.

Претседателот го застапува и претставува Советот на млади.

Претседателот на Советот на млади ги свикува и раководи со седниците на Советот на млади во општината, се грижи за организацијата и работата на Советот на млади.

### Член 4

Советот на млади во општината ги врши следните работи:

- разгледува прашања кои се важни за работата на Советот на млади;
- донесува Деловник за работа на Советот на млади;
- го избира и разрешува претседателот на Советот на млади;
- учествува во работата на Младинскиот парламент и именува свој член во истиот;
- поднесува предлози до Советот на Општина Штип за идентификувани проблеми на младите на локално ниво и начини за нивно можно решавање;

- поднесува предлози до Советот на Општина Штип за донесување одлуки, програми и други акти за подобрување на состојбата на младите на локално ниво;
- дава мислење по одлуки, програми и други акти кои се од надлежност на Советот на Општина Штип, а кои ги засегаат младите на локално ниво;
- изработува извештаи до надлежните органи за програмите на младите, а по потреба предлага и донесува Програма за решавање на проблемите, со цел подобрување на состојбата на млади на локално ниво;
- предлага мерки за остварување и спроведување на одлуки и програми за грижа на млади;
- организира работилници, предавања трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;
- информира и промовира за активностите на Советот на млади;
- поттикнува соработка со младински организации од други градови на Република Македонија и
- врши други работи.

Член 5

Советот на млади одржува редовни седници најмалку еднаш месечно.

Седниците ги свикува и со нив претседава претседателот на советот.

Претседателот на Советот на млади е должен да свика вонредна седница на предлог на најмалку двајца членови.

Седниците се јавни.

Член 6

Советот на млади одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

Член 7

Начинот на работа на Советот на млади поблиску се утврдува со Деловник за работа на Советот на млади.

Деловникот се усвојува со мнозинство гласови на членовите на советот.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 0701-1474/1
11 јуни 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

161.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ЗА
СЕЛО САРЧИЕВО

I

Се објавува Одлуката за изградба на локален пат за село Сарчиево.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1475/2
15 јуни 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

162.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 јуни 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ЗА
СЕЛО САРЧИЕВО

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за изградба на локалниот пат до село Сарчиево.

Член 2

Општина Штип од буџетот за 2009 година ќе обезбеди средства во износ од 3.540.000,00 денари како сопствено учество во изградба на патот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1475/1
11 јуни 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

163.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП
ПО ПРОГРАМАТА „ФОРУМ НА ЗАЕДНИЦАТА“ НА
ШВАЈЦАРСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА СОРАБОТКА И РАЗВОЈ

I

Се објавува Одлуката за финансискко учество на Општина Штип по Програмата „Форум на заедницата“ на Швајцарската агенција за соработка и развој.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1476/2
15 јуни 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

164.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 јуни 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП
ПО ПРОГРАМАТА „ФОРУМ НА ЗАЕДНИЦАТА“ НА
ШВАЈЦАРСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА СОРАБОТКА И РАЗВОЈ

Член 1

Општина Штип ќе учествува со 2.000.000,00 денари во кофинансирање на проектот по Програмата „Форум во заедницата“ на Швајцарската Агенција за соработка и развој (СДЦ) и во процесот – освежување на учесниците, надоместоци за оперативната група, простории за одржување на форумите, превоз и слично.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Штип за 2009 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1476/1
11 јуни 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

165.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ПО ПРОГРАМАТА „МЕЃУОПШТИНСКИ ФОРУМ“ НА ШВАЈЦАРСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА СОРАБОТКА И РАЗВОЈ

I

Се објавува Одлуката за финансискко учество на Општина Штип по Програмата „Меѓуопштински форум“ на Швајцарската агенција за соработка и развој.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1477/2
15 јуни 2009 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

166.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 јуни 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ПО ПРОГРАМАТА „МЕЃУОПШТИНСКИ ФОРУМ“ НА ШВАЈЦАРСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА СОРАБОТКА И РАЗВОЈ

Член 1

Општина Штип во партнерство со општините Радовиш и Конче сразмерно ќе учествува со свои средства во вкупно одредената сума од 2.000.000,00 денари во кофинансирање на проектот по Програмата „Меѓуопштински форум“ на Швајцарската Агенција за соработка и развој (СДЦ) и во процесот – освежување на учесниците, надоместоци за оперативната група, простории за одржување на форумите, превоз и слично.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Штип за 2009 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1477/1
11 јуни 2009 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

167.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ
НА КОМИСИЈАТА ЗА СПОРТ

I

Се објавува Решението за именување претседател и членови на Комисијата за спорт.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1478/2
15 јуни 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

168.

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 јуни 2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ
НА КОМИСИЈАТА ЗА СПОРТ

1. За претседател и членови на Комисијата за спорт, **се именуваат**:
   за претседател:
   - **Димитар Џонов**

   за членови:
   - **Борче Коцев**
   - **Димитар Љуботенски**
   - **Новит Здравев**
   - **Симончо Протогеров**

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1478/1  
11 јуни 2009 година  
Ш т и п

Совет на Општина Штип  
Претседател  
Сузана Николовска, с. р.

169.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР
## НА ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008“

I

Се објавува Решението за разрешување на член на УО на ФК „Брегалница 2008“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1479/2  
15 јуни 2009 година  
Ш т и п

Општина Штип  
Градоначалник  
д-р Зоран Алексов, с. р.

170.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 јуни 2009 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР
## НА ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008“

1. Од член на Управниот одбор на ФК „Брегалница 2008“, се разрешува Драги Илиев.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1479/1
11 јуни 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

171.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА
ЗА ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО
2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за Штипско културно лето 2009“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1480/2
15 јуни 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

172.

Врз основа на член 21 став 1 точка 11 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 јуни 2009 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА
ЗА ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2009 ГОДИНА

I

Се донесува Програмата за Штипско културно лето 2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1480/1
11 јуни 2009 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

173.

ПРОГРАМА ЗА ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2009

Општина Штип во рамките на своите надлежности согласно определбата да овозможи услови за континуирано остварување и заштита на културните вредности преку обезбедување на достапност до граѓаните и нивно масовно користење по 24 пат ја организира манифестацијата ***Штипско културно лето 2009***. Активностите за подготовка на Манифестацијата започнаа благовремено и како резултат на тоа произлезе оваа предлог-програма.

Сакајќи да понуди рамноправно учество на сите творци, институции од културата и културни работници, како и разновидност на програмата, од 20 април до 10 мај 2009 година, се распиша Јавен повик за пријавување на проекти кои ќе бидат дел од содржината на ШКЛ '08. Јавниот повик беше упатен преку сите локални медиуми, веб страницата на ЛС Штип и истиот ги постигна очекуваните резултати.

Во определениот рок до Советот на ШКЛ '09 пристигнаа 47 проекти/ програмски содржини од сите области на уметничкото творење. Како апликанти се јавија: сите институции од областа на културата /национални и локални/; невладини организации, група уметници и самостојни уметници./ Најголемиот дел од нив беа од нашиот град, а имаше и од целата Република, но и од странство.

Врз основа на пристигнатите апликации, а и по сопствена проценка Советот на четири одделни седници ја креираше Предлог-Програмата за ШКЛ '09 .

Советот ШКЛ '09, при разгледувањето на апликациите ги имаше во предвид основните заложби манифестацијата која има долга традиција и реноме да ги задржи истите преку обезбедување разновидност на содржините и квалитет.

Советот на ШКЛ '09 му предлага на Советот на општината при усвојувањето на Предлог-Програмата да ја има предвид флексибилноста со дадена можност прецизирањето на термините на одржување и местото на одржување дополнително да бидат утврдени. Ова пред сé заради можноста да се договара со учесниците според некоја наша динамика за реализирање на програмата, но и според ангажманот на уметниците. Исто така, треба да се има предвид дека годинашнава програма предвидува и преземање на содржини од другите „лета“ (Скопско лето) кои дополнително ќе се утврдат а нема да бидат товар на буџетот на Општината, како и т.н. недела на млади творци во која ќе биде резервиран простор за настап на студенти на Музичката академија при УГД-Штип. Токму заради тоа Советот на ШКЛ предлага манифестацијата годинава да има проширен период за реализација и би требало да започне на 06. јули и да трае до 15 август. Годинава Советот на ШКЛ предлага да бидат реализирани 35 содржини. Свеченото отворање на манифестацијата се предлага да биде на 06. јули со целовечерен концерт на Македонската опера и балет во Центарот за култура „Ацо Шопов“.

Во рамките на трошковникот, Предлог-Програмата го содржи само збирниот трошок на програмскиот дел кој е предвиден од буџетот на општината како организатор. Дополнителни трошоци околу маркетиншкиот дел на целокупната манифестација: печатење на флаери, плакат и документирање /фото сесии/ се предвидени во висина од 80.000,00 денари.

Во прилог на информацијата е и табеларниот преглед на предлог содржините на ШКЛ 2009.

| ***театарски проекти*** | | ***име*** | ***носител*** |
|---|---|---|---|
| 1. | Театарска претстава | **Роберто Зуко** | НУЦК Ацо Шопов |
| 2. | НТ Штип-премиера | **Жените на Џејк** | НУЦК Ацо Шопов |
| 3. | Дипломска претстава на Шорова&Ничева | **Домот на Бернарда Алба-** | самостоен |
| 4. | Народен театар Куманово | **Жена ми се вика Борис** | НУЦК Ацо Шопов |
| 5. | Драмски театар Скопје | **Лебедова песна** | НУЦК Ацо Шопов |
| 6. | НТ Прилеп | **Тапани во ноќта** | НУЦК Ацо Шопов |
| 7. | М.Ангелов- монодрама | **Кројцерова Соната-** | НУЦК Ацо Шопов |
| 8. | Монодрама | **Страшко Милошовски** | НУЦК Ацо Шопов |

| *Музички проекти* | | *име* | *носител* |
|---|---|---|---|
| 1. | Целовечерен концерт | **Македонска опера и балет-(отворање на ШКЛ 09)** | НУЦК Ацо Шопов |
| 2. | Серенади | **Штип и серенадите- Штипјанаи** | самостоен |
| 3. | Рецитал соло пеење | **Ана Мусева** | самостоен |
| 4. | Концерт на пијано | **Концерт на Ангеле Михајловски- пијано рецитал Вечер на Шуман** | Дом на млади |
| 5. | Концерт | **ДРУМ & БРАСС - Скопје** | Дом на млади |
| 6. | Концерт | **БЕИ ТХЕ ФИСХ - Скопје** | Дом на млади |
| 7. | Концерт | **Штипска музичка разгледница** | Дом на млади |
| 8. | Концерт - етно џез | **Поповски - Тасевски,** | Дом на млади |
| 9. | Концерт | **Јацк&тхе беардедфисхерман - Лион , Франција** | Дом на млади |
| 10. | Концерт | **Љубојно-Марјан Николовски и Дани-Вртешка** | ПД Лисец |
| 11. | Целовечерен концерт | **Македонска филхармонија** | НУЦК Ацо Шопов |
| 12. | Концерт | **Пензионерски цветови-** | Самостоен |
| 13. | Целовечерен концерт | **Градски хор-Штип** | самостоен |
| 14. | Концерт - етно | **Монистра** | самостоен |
| 15. | Концерт | **Скопски дувачки квинтет** | самостоен |
| 16. | Концерт за гитара | **Од Јоаљуин Родриго – Ванчо Чамбов** | самостоен |

| *Книжевни проекти* | | *име* | *носител* |
|---|---|---|---|
| 1. | Промоција на ДВД | **НУ-УБ Св. Климент Охридски** | НУ-Библиотека |
| 2. | Промоција | **Искра 35 години** | НУ-Библиотека |
| 3. | Промоција | **СУМ (последниот број)** | НУ-Библиотека |

| *ликовни проекти* | | *име* | *носител* |
|---|---|---|---|
| 1. | Самостојна ликовна изложба | **Иванка Јанева** | Здружение на Хрвати во РМ Штип |
| 2. | Изложба | **Институтот за фолклор на РМ** | НУ-Библиотека |
| 3. | Изложба на уметничка фотографија | **Астибо ЈАЗЗ – Тоше Ристов** | Завод и Музеј |
| 4. | Изложба | **Британска колекција на МСУ** | Завод и Музеј |
| 5. | Изложба на фотографии | **Снежана Филипова** | Завод и Музеј |
| 6. | Изложба | **ДЛУ Кустендил- Бугарија** | Завод и Музеј |
| 7. | Изложба | **Ангелина Маркус** | Завод и Музеј |
| 8. | Изложба | **Современа уметност-отворање** | Завод и Музеј |

